

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

**15.08.2022-Понеделник**

## ПРОТОКОЛ



**<u>На 13 седница, Советот на Општина Гевгелија ќе носи одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти поради организацијата на "Бела ноќ"</u>**

Советот на Општина Гевгелија на 17 август, 2022 година, ќе ја одржи својата 13 седница. Пред Советот, ќе уследи Предлог-Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Гевгелија поради организацијата на манифестацијата „Бела ноќ“, како единствена точка од дневниот ред предвиден за работа на 13 седница.

Седницата ќе биде одржана во Малата сала на Народниот театар- Гевгелија, а ќе започне во 10:00 часот.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**15.08.2022-Понеделник**

## ИНФОРМАЦИИ



### Со промоцијата на стихозбирката "Сонцестој", заврши "Гевгелиско културно лето"

Со одржувањето на промоцијата на поетската збирка „Сонцестој" од Катерина Гогова на платото пред Библиотеката „Гоце Делчев"- Гевгелија заврши „Гевгелиско културно лето". Станува збор за најновата збирка поезија на младата поетеса, во која се застапени 50 песни, мотивски поврзани со контрасните астрономски појави, поделени во два циклуса- неговото изгревање и заоѓање. Како што истакна Катерина, нејзините стихови се во склад со природата, промената на годишните времиња и природните елементи, задоволна од поканата на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев"- Гевгелија нејзината книга да биде промовирана во најсончевиот град во рамките на „Гевгелиско културно лето".

„Гевгелиското културно лето" внесе „културна" свежина во гевгелиските летни, понекогаш, жешки ноќи, со богата, разновидна и програма наменети за различни генерации и вкусови. Манифестацијата во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија", ЈОУ Пионерски дом и ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев ", а под покровителство на Општина Гевгелија, понуди интересни театарски претстави, музички концерти и настапи на танцови групи и фолклорни ансамбли, книжевни вечери и репрезентативни ликовни изложби.




**15.08.2022-Понеделник**

## ОБЈАВИ



### За утре, закажано второто ларвицидно прскање против комарци во општина Гевгелија

Во рамките на годинашниот третман против комарци кој Советот за развој на Југоисточниот плански регион го спроведува на подрачјата на десетте општини од ЈИРП, во општина Гевгелија, како и во општините: Валандово, Дојран, Богданци, Радовиш и Конче, утре (16 август, 2022 година), во периодот помеѓу 09:00-16:00 часот, ќе биде извршена втората теристичка ларвицидна дезинсекција.

За таа цел, се информираат сопствениците на пчелните семејства да преземаат соодветни мерки за заштита, односно да ги затворат пред извршувањето на ларвицидното прскање во најавениот период.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk